*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на<br>Општината Штип<br>Излегува по потреба | Број 12<br>3 ноември 2006 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

237.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решението за престанок на мандат.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3222/2
3 ноември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с.р.

238.

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр 5/02), член 35 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гланик на Општината Штип", број 7/05) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На **Атанас Атанасов** избран за член на Советот на Општината Штип од Коалицијата "За Македонија" му престанува мандатот член на Советот на Општината Штип.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3222/1
31 октомври 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,

Драги Илиев, с. р.

239.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3223/2
3 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

240.

Врз основа на член 7 и член 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип, **се избираат**:

1. за претседател:
- **Валентина Дрмова**

2. за членови:
- **Митре Димов**
- **Ристо Јанков**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3223/1
31 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

241.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3224/2
3 ноември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

242.

Врз основа на член 8 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Извештајот на Верификационата комисија е составен дел на овој Заклучок.

III

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3224/1
31 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

243.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3225/2
3 ноември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

244.

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 18 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 9 и 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Штип

   1. Трајче Кацаров

2. Свечената изјава на советникот е составен дел на ова Решение.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3225/1
31 октомври 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

245.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ "НАГРАДА 8-МИ НОЕМВРИ" И
"ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП"

I

Се објавува Одлуката за доделување "Награда 8-ми Ноември" и "Признанија на Општината Штип".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3226/2
3 ноември 2006 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

246.

Врз основа на член 48 став 3 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), а во врска со член 1 став 4 од Одлуката за востановување на награди и признанија ("Службен гласник

на Општината Штип", број 11/06), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ "НАГРАДА 8-МИ НОЕМВРИ" И "ПРИЗНАНИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП"

Член 1

По повод Денот на градот 8-ми Ноември се доделува "Наградата 8-ми Ноември" и "Признанијата на Општината Штип".

Член 2

"Наградата 8-ми Ноември" се доделува на **професор д-р Коста Балабанов** за постигнати резултати, афирмација и општо добро за граѓаните на Општината Штип за последните пет години.

Член 3

"Признанието на Општината Штип" се доделува на:

1. **СОУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип** - за постигнати резултати во создавањето на услови за позитивна наставна клима во обрзованието;
2. **Радио клуб "Никола Тесла"** - за презентирње на радиоаматерството од Република Макеонија во светот и освоените светски, европски и азиски рекорди во одржувањето на радио врските;
3. **Лидија Успрцова** - за постигнати резултати, освоен златен медал во 2006 година на републичките спортски игри на телесни инвалиди (во атлетика и фрлачки диск).
4. **Миланчо Манев** - за особен придонес во афирмацијата и омасовувањето на крводарителството на општинско и републичко ниво преку личен пример на крводарување.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3226/1
31 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

247.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА

ЗА СОРАБОТКА-ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ ОПШТИНИТЕ
ШТИП, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И
ЌУСТЕНДИЛ, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

I

Се објавува Одлуката за соработка-партнерство меѓу општините Штип, Република Македонија и Ќустендил, Република Бугарија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-3227/2 | Градоначалник |
| 3 ноември 2006 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

248.

Врз основа на член 12 став 1 и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА СОРАБОТКА-ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ ОПШТИНИТЕ ШТИП, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЌУСТЕНДИЛ, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

Општините Штип, Република Македонија и Ќустендил, Република Бугарија на база на взаемна соработка-партнерство се согласни:

- да го стимулираат развојот на туризмот, туристичката инфраструктура, техниката, селското стопанство, мали и средни бизниси од областа производството и трговијата и заштитата на човековата средина;
- да ја стимулираат взаемната соработка во областа на културата, спортот и природните реткости и организирање манифестации од овие области;

Член 2

Општините од член 1 на оваа одлука се согласни во рамките на взаемната соработка-партнерство да покренуваат иницијатива за:

- соработка и реализација на програмата за добрососедство-Фаре-Карц Трансгранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија и заеднички проекти за инвестирање;
- поттикнување на социјално-економскиот развој меѓу општините и
- создавање на пријателска и бизнис клима меѓу општините и нивните жители.

Член 3

Се овластува градоначалникот на Општината Штип, Панде Сарев да го потпише протоколот за соработка-партнерство меѓу општините Штип, Република Македонија и Ќустендил, Република Бугарија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701- 3227/1
31 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

249.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
НА ДЕНОТ НА ГРАДОТ 8-МИ НОЕМВРИ 2006

I

Се објавува Одлуката за донесување на Програмата за одбележување на денот на градот 8-ми Ноември 2006.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3228/2
3 ноември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

250.

Врз основа на член 48 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
НА ДЕНОТ НА ГРАДОТ 8-МИ НОЕМВРИ 2006

Член 1

Се донесува Програмата за одбележување на денот на градот 8-ми Ноември 2006.

Член 2

Составен дел на Одлуката е Програмата за одбележување на денот на градот 8-ми Ноември 2006.

Член 3

Средствата во износ од 150.600,00 денари за реализирање на Програмата ќе се обезбедат од буџетот на Општината.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3228/1
31 октомври 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

251.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3229/2
3 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

252.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 48 став 2 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип, број 6/04) во член 4 по зборот "две" се става запирка и се додават зборовите "односно три".

Член 2

Во член 6 во четвртиот ред после зборовите "стручно-оперативни" се додаваат зборовите "стручно-оперативни од доменот на ЛЕР и локалното партнерство", а во петтиот ред, после зборовите "стручно-административни" се додаваат зборовите "стручно-оперативни од обласа на противпожарната заштита".

Член 3

Во член 7, точка 2 во вториот ред после "Одделение за правни, финансиски и општи работи" зборот "и" се брише и се заменува со запирка, во продолжение во "Одделение за буџет и финансии" зборот "и" после зборот буџет се брише и се заменува со запирка, точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите "и ЛЕР и Одделението за противпожарна заштита".

Член 4

Во член 13 во петтиот ред после запирката се додаваат зборовите "врши стручно-оперативни работи од доменот на ЛЕР и локалното партнерство".

Член 5

По член 13 се додава нов член 13а кој гласи: "Одделението за противпожарна заштита ги врши работите што се однесуваат на гаснење пожари, спасување на животи на граѓани и имот загрозен од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди на подрачјето на Општината и Републиката, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Советот на Општината Штип".

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се објави по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници.

Број 0701-3229/1
31 октомври 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

253.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ГРАДСКИТЕ И ПРИГРАДСКИТЕ ЛИНИИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3230/2
3 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

254.

Врз основа на член 22 алинеја 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ", број 68/04) и член 6 од одлуката за линиски превоз на патници во Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 16/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ГРАДСКИТЕ И ПРИГРАДСКИТЕ ЛИНИИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Во член 2 од Одлуката за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 10/06) линијата 7 се менува и гласи:

| Број на линијата | Назив на линијата | Патека на движење на линијата |
|---|---|---|
| ***ЛИНИЈА 7*** | НОВО СЕЛО-СТАР КАРАОРМАН-НОВО СЕЛО | Ново Село; ул. Васил Главинов (пред локалната самоуправа); Трговски центар; Дом на култура; Автобуска станица; Дујле; Баби; Стар Караорман. |

Член 2

Во член 3, линиите 9 и 10 се менуваат и гласат:

| Број на линијата | Назив на линијата | Патека на движење на линијата |
|---|---|---|
| ***ЛИНИЈА 9*** | НОВО СЕЛО - РАДАЊЕ - НОВО СЕЛО | Ново Село - ул. Крсте Мисирков; ул. Васил Главинов (пред локалната самоуправа); Трговски центар; Дом на култура; Автобуска станица; Дујле; Баби; Стар Караорман; Нов Караорман; Таринци; Карбинци; Радање. |
| ***ЛИНИЈА 10*** | НОВО СЕЛО - ЦРВУЛЕВО - НОВО СЕЛО | Ново Село - ул. Крсте Мисирков; ул. Васил Главинов (пред локалната самоуправа); Трговски центар; Дом на култура; Автобуска станица; Дујле; Баби (раскрсницата со улиците Партизанска и Крушевска Република); Стар Караорман; Нов Караорман; Таринци; Карбинци; Аргулица, Црвулево. |

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3230/1
31 октомври 2006 година
Штип

Претседател,
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

255.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ПОДРАЧЈЕТО ОПШТИНАТА ШТИП -СКУЛПТУРА НА АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ

I

Се објавува Одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележје на подрачјето на Општината Штип-скулптура на Александар Трети Македонски.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3231/2
3 ноември 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

256.

Врз основа на член 8 и 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ", број 66/04), член 21, а во врска со член 48 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ПОДРАЧЈЕТО ОПШТИНАТА ШТИП -СКУЛПТУРА НА АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ

Член 1

Се подига спомен-обележје-скулптура на Александар Трети Македонски.

Скулптурата ќе се постави пред платото на плоштадот Слобода во Штип.

Член 2

Средствата за подигање на спомен-обележјето-скулптура на Александар Трети Македонски се обезбедени по пат на донација.

Донатор на средствата е фамилија Ивановски од Штип.

Член 3

Со спомен-обележјето-скулптура на Александар Трети Македонски ќе управува и ќе го користи Општината Штип.

Чувањето, одржувањето и заштитата на спомен-обележјето е во надлежност на донаторот кој ќе обезбеди и средства за таа намена.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3231/1
31 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

257.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3232/2
3 ноември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

258.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип",број 2/06 и 6/06), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 31 октомври 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Од Буџетот на Општината Штип за 2006 година се доделува финансиски средства на:

1. Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - 250.000,00 денари.
2. Аеро-клубот "Штип"-Штип - 30.000,00 денари.
3. Здружението на инвалиди на трудот-Штип - 10.000,00 денари.
4. Издавачката куќа "Селектор"-Скопје - 5.000,00 денари.

5. Редакцискиот одбор за објавување на книгата "Белешки и документи за едно "не"заборавено време" од авторот д-р Тодор Кралев - 5.000,00 денари.
6. Павле Стоилковски за печатење на книгата "Учителот Делчев" - 3.500,00 денари.
7. Јордева Валентина, самохрана мајка на Првата четворка на Балканот од Штип - 10.000,00 денари.
8. Здружение против малигни заболувања - 10.000,00 денари.
9. Александар Рунтев за издавање на книгите "Вистината и вистината за Македонија и нејзната судбина" и книгата "Песни и поеми" - 10.000,00 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3232/1
31 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 237. | Решение за објавување на Решението за престанок на мандат | 243/12 |
| 238. | Решение за престанок на мандат | 243/12 |
| 239. | Решение за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија | 244/12 |
| 240. | Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија | 244/12 |
| 241. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 245/12 |
| 242. | Заклучок за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 245/12 |
| 243. | Решение за објавување на Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 246/12 |
| 244. | Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 246/12 |

| | | |
|---|---|---|
| 245. | Решение за објавување на Одлуката за доделување "Награда 8-ми Ноември" и "Признанија на Општината Штип" | 247/12 |
| 246. | Одлука за доделување "Награда 8-ми Ноември" и "Признанија на Општината Штип" | 247/12 |
| 247. | Решение за објавување на Одлуката за соработка-партнерство меѓу општините Штип, Република Македонија и Ќустендил, Република Бугарија | 248/12 |
| 248. | Одлука за соработка-партнерство меѓу општините Штип, Република Македонија и Ќустендил, Република Бугарија | 249/12 |
| 249. | Решение за објавување на Одлуката за донесување на Програмата за одбележување на денот на градот 8-ми Ноември 2006 | 250/12 |
| 250. | Одлука за донесување на Програмата за одбележување на денот на градот 8-ми Ноември 2006 | 250/12 |
| 251. | Решение за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Штип | 251/12 |
| 252. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Штип | 252/12 |
| 253. | Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип | 253/12 |
| 254. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип | 253/12 |
| 255. | Решение за објавување на Одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележје на подрачјето на Општината Штип-скулптура на Александар Трети Македонски | 254/12 |
| 256. | Одлука за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележје на подрачјето на Општината Штип-скулптура на Александар Трети Македонски | 255/12 |
| 257. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 256/12 |
| 258. | Одлука за доделување на финансиски средства | 256/12 |